Уп. Бр.08-118/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Инит Група АпС, со седиште на Ц/О Пикка Аутомејшн А/С Гладсаксевеј 382, 3 2860 Соборг, Данска, преку полномошник Ана Каширска, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Инит Група АпС, со седиште на Ц/О Пикка Аутомејшн А/С Гладсаксевеј 382, 3 2860 Соборг, Данска над друштвото Небб Инженеринг АД, со регистрирано седиште на Солбрвеиен 43, 1383 Аскер, Норвешка и неговите зависни друштва, по пат на купопродажба на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 08.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Инит Група АпС, со седиште на Ц/О Пикка Аутомејшн А/С Гладсаксевеј 382, 3 2860 Соборг, Данска, со која Инит Група АпС ќе стекне самостојна контрола над друштвото Небб Инженеринг АД, со регистрирано седиште на Солбрвеиен 43, 1383 Аскер, Норвешка и неговите зависни друштва, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Инит Група АпС** е дел од Инит групацијата на друштва која обезбедува одржливи, иновативни и долгорочни решенија за ИТ и автоматизација специфични за одредена индустрија за широк спектар на производствени компании во Скандинавија и во странство. Клиентите може да се групираат во следните девет деловни области: животна наука, алати, производство, храна и пијалоци, инфраструктура, згради, морски и офшор, енергија, вода и земјоделство. Мнозински сопственик е Аксел, нордиски приватен инвестициски фонд, со фокус на инвестиции во средни компании во индустрискиот, техничкиот, потрошувачки и здравствениот сектор, и со широка база на нордиски и меѓународни инвеститори. Аксел фондовите немаат инвестирано во кое било друго портфолио друштво со исти активности како Инит Групацијата, ниту кое било од портфолиото друштва има активности во Република Северна Македонија.

Инит Групацијата нема регистрирано присуство ниту остварува било какви активности или приходи во Република Северна Македонија.

**Небб Инженеринг АД** е дел од групацијата на друштва за индустриска дигитализација Небб, основана во Норвешка. Небб Групацијата испорачува контролни системи, контролни производи и софтверски инженерски услуги и прави дигитализација од перспектива на оперативна технологија.

Небб Групацијата има регистрирано присуство во Северна Македонија преку следниве зависни друштва:

- Друштво за производство, обработка и развој на софтверски инжинеринг НЕББ СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на 11 Октомври бр.3а, Центар, Скопје и регистрирана приоритетна дејност компјутерско програмирање; и
- Друштво за софтверски инжинеринг ФОУР СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на 11 октомври бр.3а, Центар, Скопје и регистрирана приоритетна дејност компјутерско програмирање.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**